Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и “Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.1176/2025 арх. бр. 10-259/5 од 11.02.2026 година и член 31 од Статутот на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија-Скопје, директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија-Скопје донесе:

...НОВА
...OR PUBLIK
...КА ЗА НЕФРОЛОГИЈА
...E PËR NEFROLOGJI
...opje-Shkup
04-5476
16.02.2026 год.-viti
1 Скопје-Shkup

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за вработување на административен службеник**
**по Јавен оглас бр. 1176/2025**

1. По објавениот Јавен оглас бр.1176/2025 за вработување на административен службеник на неопределено време во ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија-Скопје за работното место ЗДР 01 02 В03 009 Соработник за материјално-финансиско работење (1 извршител), во Одделение за сметководство, Сектор за материјално-финансиски работи и сметководство, се ИЗБИРА кандидатот:

- **Филип Ѓурчески** со идентификациски код 91CE1A1

2. Одлуката за избор да се достави до избраниот кандидат и да се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.
3. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука
4. Ова одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По барање на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија-Скопје, Агенцијата за администрација на ден 18.12.2025 година објави Јавен оглас бр.1176/2025 на својата интернет страница, како и во девните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха за вработување на 1 извршител од Група I-административен службеник, подгрупа 2-јавен службеник во ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија-Скопје.

По објавениот Јавен оглас формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас со Решение бр. 10-2746/5 од 25.12.2025 година донесено од директорот на Агенцијата за администрација, за да ја спроведе постапката за селекција за вработување на административни службеници.

Од страна на Комисијата за селекција за вработување на ден 13.01.2026 година спроведена е административна селекција за административен службеник за која е составен Записник бр. 10-259/1 од 13.01.2026 година, а на ден 28.01.2026 година спроведен е испит за административен службеник и составен Записник бр.10-259/3 од 28.01.2026 година и на ден 10.02.2026 година спроведена е проверка на веродостојност на доказите и интервју на административен службеник и составен Записник бр.10-259/4 од 10.02.2026 година.

По завршување на трите фази од постапката Комисијата подготви конечна ранг-листа на кандидатите кои успешно ги поминале фазите на постапката за селекција и Предлог кандидати за вработување.

Врз основа на чл.45 од Законот за административни службеници и доставениот Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.1176/2025 со арх.бр. 10-259/5 од 11.02.2026 година, за работното место ЗДР 01 02 В03 009 Соработник за материјално-финансиско работење, 1 извршител, во Одделение за сметководство, Сектор за материјално-финансиски работи и сметководство, директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија-Скопје донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Директор,
Науч.сор.д-р Никола Ѓорѓиевски

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Агенција за администрација;
- Сектор за административни-правни работи и човечки ресурси
- Архива;